# THE TEACHERS` OPINION FOR THE REPUTATION OF THEIR PROFESSION AND THEIR SOCIAL STATUS

**Lidija Kamcheva – Panova**
UGD, Faculty of philology – Shtip, North Macedonia, lkamceva@yahoo.com
**Zoran Mitev**
PMS ,, Goce Delchev"- Shtip, North Macedonia, mitevzoran@gmail.com

**Abstract:** "The teachers are important", is the title of the report by OECD (OECD, 2005) for 2005. In this report there is wide range of evidences which explain that the quality of teachers is one of the most important factor influencing student achievement. The teachers, as integral part of the educational system, are the main leaders of the educational reforms.

Despite the poor material situation and inadequate working conditions, the teachers are open for changes, a desire to be involved in the modern world, as well as willingness to engage in this reform processes.

Although the teaching profession is one of the most responsible in the society and yet the teachers are not sufficiently awarded neither with respect nor well paid. The beauty of the teaching profession still exist today because working with children is a privilege. The main aim in the educational researches is the social status of the teachers. In the report of 1997 by ILO/UNESCO shows the state of the teaching profession and its social status which is still actual today.

Teachers today have got more responsibilities than ever that is why the society has got greater expectations of them and puts a lot of pressure on their profession.

The purpose of the research is to get the teachers' opinion about their social reputation of their profession, their social status. In addition, we aim to see the teachers' perception regarding their financial motivation whether they are content of the presented image of their profession by the media in RNM.

The tasks of this research are: To examine the attitude of teachers about the social reputation of their profession and the social status; To examine the opinion of teachers about their financial motivation; To examine the opinion of teachers on how they and their profession are portrayed by the media.

In the research, primary and secondary teachers were included from 5 elementary central schools and 3 satellite schools in Shtip. According to the content of research 16 teachers from each school were included, 8 schools from 1st to 5th grade teachers and 8 schools from 6th to 9th grade teachers by random choice. The total number of respondents is 128 of which: 80 teachers are from the central schools and 48 teachers are from the satellite schools.

**Keywords:** teachers, profession, reputation, social status

# МИСЛЕЊЕТО НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА УГЛЕДОТ НА НИВНАТА ПРОФЕСИЈА И НИВНИОТ ОПШТЕСТВЕН СТАТУС

**Лидија Камчева - Панова**
УГД, Филолошки факултет - Штип, Северна Македонија, lkamceva@yahoo.com
**Зоран Митев**
ООУ „Гоце Делчев" - Штип, Северна Македонија, mitevzoran@gmail.com

**Резиме:** „Наставниците се битни", е насловот на извештајот на OECD (OECD, 2005) за 2005. Во него е забележан широк спектар на докази кои упатуваат на тоа дека квалитетниот наставник е е еден од најзначајните фактори кои влијаат на успешноста на учениците. Наставниците, како составен дел на образовниот систем, се главните ноители на реформите во образованието.

И покрај лошата материјална положба и неадекватните услови за работа, кај наставниците постои волја за промена, желба да се вклучат во современиот свет, како и подготвеност да се ангажираат во овие реформски процеси.

Иако наставничката професија е една од најодговорните во општеството, сепак учителите не се доволно наградени - ниту со почит, ниту материјално. Убавината на учителската професија постои и денес, затоа што работата со деца е привилегија. Општествениот статус на наставниците веќе некое време е еден од главните цели на истражувањата во воспитанието и образованието. Во извештајот од 1997 год., објавено од ILO/UNESCO е прикажана состојбата во која се наоѓа учителската професија и нејзиниот општествен статус, кој извештај, за жал важи и ден денес.

Наставниците, денес, имаат повеќе обврски отколку некогаш, и поради тоа општеството има поголеми очекувања од нив и врши голем притисок на нивната професија.
**Целта** на истражувањето е да се види милењето на наставниците за нивниот општествениот углед на нивната професија, нивниот општествениот статус. Покрај ова, цел ни е да ја видиме перцепцијата на наставниците во врска со нивната финансиска мотивација како и дали се задоволни од она каке е претставена нивната професија од страна на медиумите во РСМ. Задачи на ова истражување се: да се испита ставот на наставниците за општествениот углед на нивната професија и општествениот статус; да се испита мислењето на наставниците за нивната финансиска мотивација; да се испита милењето на анставниците за тоа како тие и нивната професија се прикажани од медиумите.
Во истражувањето беа вклучени предметни и одделенски наставници во 5 основни централни училишта и 3 подрачни училишта на територијата на град Штип. Според содржината на истражувањето беа вклучени по 16 наставници од секое училиште и тоа: 8 од одделенска настава и 8 од предметна настава, по случаен избор. Вкупниот број на испитаници изнесува 128, од кои: 80 наставници од централните училишта и 48 наставници од подрачните училишта.
**Клучни зборови:** наставници, професија, углед, општетсвен статус

## 1. ВОВЕД

„Наставниците се битни“, е насловот на извештајот на OECD (OECD, 2005) за 2005. Во него е забележан широк спектар на докази кои упатуваат на тоа дека квалитетниот наставник е е еден од најзначајните фактори кои влијаат на успешноста на учениците. Наставникот е главен извршител на наставниот процес и самиот себе се смета за одговорен за успешноста / неуспешноста во воспитанието и образованието на учениците.
Образованието во РСМ, од осамостојувањето на Македонија, па сè до ден денес, се наоѓа во период на трансформација и реформирање. Оваа транзиција и реформа подразбира модернизирање на образованието, промени во односите помеѓу сите актери во воспитно – образовниот процес, иновации во наставата, воведување на нови парадигми, зајакнување на компентенциите на наставниците, промена во финансирањето итн.
Наставниците, како составен дел на образовниот систем, се главните носители на овие реформи. И покрај лошата материјална положба и неадекаватните услови за работа, кај наставниците постои волја за промена, желба да се вклучат во современиот свет, како и подготвеност да се ангажираат во овие реформски процеси.
Иако наставничката професија е една од најодговорните во општеството, сепак учителите не се доволно наградени - ниту со почит, ниту материјално. Убавината на учителската професија постои и денес, затоа што работата со деца е привилегија.
За жал сведоци сме на состојбата денес кога учителската професија е потценета професија, со уништен дигнитет и предмет на постојани критики и навреди од сите членови на заедницата. Девалвирањето на учителската професија е очигледна низ призмата на недоволно платена професија како резултат на ниската свест за значењето на професијата, свест која е заробена во вековно старите парадигми.

## 2. НАСТАВНИЧКА ПРОФЕСИЈА

Во Препораките (Препораки за статусот на учителот усвоени на седницата на меѓувладина конференција одржана во Париз, на 5 октомври 1966 год. под покровителство на УНЕСКО ) за статусот на учителот од 1966 година, е истакнато дека со терминот учител се офаќаат сите стручни лица кои се одговорни за воспитание и образование на младата личност.
Според Меѓународната стандардна класификација на наставнички занимања, наставниците се „припадници кои водат настава на сите степени на образование (основно, средно и високо), работат со деца од различни возрасти, со различни способности, спроведуваат истражувања поврзани со воспитно – образовниот процес, организираат и водат различни облици на наставни и воннаставни активности и извршуваат релевантни задачи“.
UNESCO, наставниците ги дефинира како „изведувачи на воспитно – образовна програма, вработени во предшколски, основни и средни воспитно – образовни установи“. (Cindrić, 2003: 36)
Општествениот статус на наставниците веќе некое време е еден од главните цели на истражувањата во воспитанието и образованието. Во извештајот од 1997 год., објавено од ILO/UNESCO е прикажана состојбата во која се наоѓа учителската професија и нејзиниот општествен статус, кој извештај, за жал важи и ден денес.
Наставниците, денес, имаат повеќе обврски отколку некогаш, и поради тоа општеството има поголеми очекувања од нив и врши голем притисок на нивната професија. Некои од факторите кои влијаат на

општествениот статус на наставниците се: ниската плата, нискиот животен стандард, бројот на вработените учители, феминизација на струката, недоволната автономија и исклученоста од образовните политики, недостаток од контрола на тоа кој влегува во образованието и општо прифатената перцепција дека наставниците имаат помалку работни часа неделно од другите професии. (Šteh i sur., 2017).

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

**Цел на истражувањето**

Целта на истражувањето е да се види милењето на наставниците за нивниот општествениот углед на нивната професија, нивниот општествениот статус, нивната финансиска мотивација како и дали се задоволни од она како е претставена нивната професија од страна на медиумите во РСМ.

**Хипотези**

Општа хипотеза: Наставничката професија и статус во општеството е на задоволително ниво, како и финансиската мотивација. Медиумите се коректни во однос на прикажувањето на наставничката професија.

Посебни хипотези:

Х1:Наставниците во основните училишта се задоволни од општествениот углед на нивната професија и општествениот статус.

Х2:Наставниците во основните училишта се задоволни од финансиската мотивација.

Х3:Наставниците се задоволни како тие и нивната професија се прикажани од медиумите.

**Популација и примерок**

Популацијата во истражувањето е конечна. Во истражувањето беа вклучени 128 предметни и одделенски наставници во 5 основни централни училишта и 3 подрачни училишта на територијата на град Штип.

**Инструменти и техники на истражувањето**

Во истражувањето од инструменти е користен анонимен анкетен прашалник, составен од 2 дела: општ дел (основни податоци за испитаникот) и вториот дел е составен од 11 искази од Ликертов тип со впишување на броеви од скала од 1 до 5: (1 - воопшто не се согласувам, 2 – не се согласувам, 3 - немам одговор, 4 – се согласувам и 5 – целосно се согласувам). Од техниките е користено анкетирање.

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Податоците за првата хипотеза: наставниците во основните училишта се задоволни од општествениот углед на нивната професија и општествениот статус, во анкетниот прашалник ги добивме од првите седум прашања.

*(1.Сметам дека мојата професија од јавноста и граѓаните е призната во Република Северна Македонија; 2.Сметам дека наставничкиот углед во Република Северна Македонија е на високо ниво; 3. Да можам да ја променам професијата, веднаш би го направил/а тоа; 4.Сметам дека наставничката професија е најдобрата професија; 5.Се гордеам со тоа што сум наставник/наставничка; 6.Сметам дека односот на МОН со наставниците е на задоволително ниво и 7.Задоволен/на сум од мојот професионален статус како наставник.)*




Графикон 1.

Од графиконот 1, се гледа дека наставниците во најголем дел се изјасниле дека професијата од јавноста и граѓаните не е призната во РСМ (од вкупно 128 наставници: 77 се изјасниле дека не се согласуваат и 36 дека воопшто не се согласуваат), дека наставничкиот углед не е на високо ниво (од вкупно 128 наставници: 76 се изјасниле дека не се согласуваат и 36 дека воопшто не се согласуваат). Од вкупно 128 наставници, 51 се согласуваат и 28 наставници целосно се согласуваат или 61.7% од анкетираните сакаат да ја променат својата професија. Односот на МОН со наставниците, според анкетираните, не е на задоволително ниво (63.3% не се согласуваат и 20,3% воопшто не се согласуваат), како и дека не се задоволни од професионалниот статус како наставник (од вкупно 128 анкетирани, 83.6% не се задоволни од професионалниот статус).
И покрај ваквото мислење на наставниците за нивниот професионален статус и углед, и процентот на оние кои сакаат да ја напуштат оваа професија, на исказите 4 и 5, анкетираните наставници дадоа позитивни одговори. Тие сметаат дека наставничката професија е најдобрата професија (67.2% се согласуваат и 15.6% проценти целосно се согласуваат) и најголем дел од нив се гордеат со тоа што се наставници (76.6% целосно се согласуваат и 9.4% не се согласуваат).
Од овие резултати, можеме да кажеме дека не ја потврдивме нашата хипотеза 1.
Податоци за втората хипотеза: Наставниците во основните училишта се задоволни од финансиската мотивација, ги добивме од исказите 8 и 9 од анкетниот лист: 8. Задоволен/на сум од финансиската мотивација (плата) за мојата работа и 9.Задоволен/на сум од дополнителните материјални наградувања.

Графикон 2.




Од графиконот 2,се гледа дека наставниците воопшто не се задоволни од финансиската мотивација (плата) за нивната работа како и од дополнителните материјални наградувања: исказ 8 и исказ 9. Податоците добиени од анкетниот лист, не ја потврдуваат нашата втора хипотеза дека наставниците во основните училишта се задоволни од финансиската мотивација.
Податоците за третата хипотеза: наставниците се задоволни како тие и нивната професија се прикажани од медиумите, ги добивме од исказите 10 и 11: 10. Сметам дека прикажувањето на наставниците и нивната професија во медиумите е на задоволително ниво и 11.Во медиумите, главно, можат да се слушнат позитивни вести за наставниците. Од графиконот 3 може да се види дека наставниците не се задоволни од прикажувањето на нивната професија во медиумите (68% не се задоволни и 24.2% воопшто не се задоволни. По однос на 11 исказ (70.3% не се согласуваат со тоа дека во медиумите се слушаат позитивни вести за наставниците и 14% воопшто не се согласуваат ).

Графикон 3.



Од добиените резултати не ја потврдивме нашата трета хипотеза дека наставниците се задоволни како тие и нивната професија се прикажани од медиумите.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Од добиените резултати, можеме да заклучиме дека наставниците ја доживуваат својата професија како неценета и непризната во нашето општество. Ова доведува до незадоволство кај нив, развивање на фрустрации и негативни чувства што допринесува за нивната работа и успесите во работата. Од друга страна, наставниците не се задоволни и од институциите кои се задолжени за воспитанието и образованието, нивниот професионален развој и напредување (МОН). Тие не се задоволни и од финансиската мотивација (плата) за нивната работа. Недостига и дополнителна финансиска компензација за наставниците кои во денешно време се преоптоварени во реализирањето на воспитно – образовниот процес во училиштата. Недостига и поддршка од медиумите, кои, сведоци сме, дека пласираат само негативни информации во врска со работата на наставниците и целокупниот воспитно – образовен процес. Со една реченица кажано, наставниците немаат поддршка за својата работа од граѓаните, државните органи и медиумите. И покрај ова доживување на нивната професија, најголем дел од наставниците се горди на својата работа и дека наставничката професија е најдобрата професија. Меѓутоа, мора да констатираме дека голем процент од нив и сакаат да ја напуштат оваа професија. Државата и општеството мора да бидат свесни за значењето на наставничката професија, да соберат сили да ја издигнат оваа професија на пиедесталот затоа што „Наставникот работи на најодговорната задача - тој формира личност. Воспитувачот е инженер на човечките души. (*Михаил Иванович Калинин (1875 - 1946, советски државник)).*

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Беара, М., & Јерковић, И. (2015). Друштвене околности и наставничка професија. Оригинални научни рад. Социолошки преглед, vol. XLIX (2015), no. 2, стр. 229–253. Филозофски факултет. Нови Сад

Министерство за образование и наука на Република Македонија. Концепција за унапредување на наставничката професија во Република Македонија. (2019)

Cindrić, M. (2003). Učiteljska profesija u svijetu promjena. U: Vrgoč, H. *Promjenama do uspješnog učenja i kvalitetne škole*. Zagreb: Hrvatski pedagoško-književni zbor.

Gradišek,P., Pečjak, S., Rijavec, M., & Jurčec, L. (2020). Teaching as a Calling and Well-Being of Slovenian and Croatian Teachers. Izvorni znanstveni rad. doi:https://doi.org/10.31820/pt.29.2.3. UDK: 373.3-051(497.4). Достапно на https://hrcak.srce.hr/240850. Посетено на 3.11.2022

Jurković, D. (2019). Odnos zadovoljstva odabirom učiteljske profesije i nekih čimbenika odabira. Izvorni znanstveni članak. UDK: 378:159.94 DOI: 10.15291/ai.2848. Достапно на https://www.bib.irb.hr › download › 1022123. Пристапено на 11.11.2022.

Krnjajić, S. (1983). Značaj interpersonalnih odnosa u nastavi, Zbornik 25 Instituta za pedagoška istraživanja, Beograd: Institut za pedagoška istraživanja

Kujundžija, I. (2020). Status učitelja i odabir učiteljske profesije kod muškaraca. Diplomski rad. University of Pula / Sveučilište Jurja Dobrile u Puli. Достапно на https://repozitorij.unipu.hr/islandora/object/unipu:6241. Пристапено на 10.11.2022

Moscatello, V. (2021).Položaj učitelja nekad i danas u očima društva. Diplomski rad. University of Pula / Sveučilište Jurja Dobrile u Puli. Достапно на https://urn.nsk.hr/urn:nbn:hr:137:979294. Пристапено на 2022-09-12.

Šteh, B., Kalin, J., & Čepić, R. (2017). Status učitelja i učiteljske profesije: pogledi iznutra. Učiteljski fakultet Sveučilišta u Rijeci.

Turk, E. (2021). Percepcija građana o statusu učitelja u društvu. Diplomski rad. University of Zagreb, Faculty of Teacher Education.